Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/1
26.01 2022 год.
СКОПЈЕ

АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# Б И Л Т Е Н

Број 241

Скопје, 26.01.2022

# С О Д Р Ж И Н А

Реферат за избор на наставник во научната област Право на европската унија (50811) на Факултетот за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа - ФОН ---------------------------------------------------------------------------------------------------------- 3981

Реферат за избор на наставник во областа на Политички системи и граѓанско општество, Политички партии и интересни групи при универзитетот АУЕ - ФОН ---------------------- 4003

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (50811) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ - ФОН во Скопје на седницата одржана на ден 20.1.2022 година, формираше Рецензентска комисија за избор на наставник во научната област Право на Европската Унија - 50811 по објавениот конкурс во дневниот весник „Нова Македонија“ од 29.12.2021 година во состав: 1. Проф.д-р Билјана Пулеска Јанушевска, редовен професор на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ ФОН - претседател, 2. Проф.д-р Ивица Јосифовиќ – редовен професор на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип - член и 3. Проф. д-р Гоце Галев, редовен професор на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ ФОН - член. Рецензентската комисија ги доби материјалите пристигнати по конкурсот и по разгледувањето на истите до Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки го доставува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I.**

На објавениот конкурс во дневниот весник „Нова Македонија“ од 29.12.2021 г. се пријавил единствено кандидатот д-р Александар Чавлески, а кон пријавата ја приложил потребната документација.

**II.** ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

**1. Степени на образование**

2008 - доктор на правни науки, Правен факултет “Јустинијан Први“, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје, [докторска дисертација *„Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија кон Република Македонија*“, ментор: Проф.д-р Сашо Георгиевски]

2004 - магистер на правни науки (меѓународно право), Правен факултет “Јустинијан Први“, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје, [магистерски труд: *“Влијанието на Европската унија врз националните институции на државите-членки: случајот на Франција, Германија и Велика Британија“*, ментор: Проф.д-р Татјана Петрушевска]. Просечен успех од постдипломските студии: 9,8

[2004 - правосуден испит, Министерство за правда]

2001 - дипломиран правник, Правен факултет "Јустинијан Први", Универзитет „Св.Кирил и Методиј", Скопје. Просечен успех: 9,6

**2. Активности на ФПН/ФППН и Универзитетот по изборот во наставно-научното звање вонреден професор (2016-)**

2016 - вонреден професор на Факултетот за правни науки, од 2019 Факултет за правни и политички науки при АУЕ ФОН

2017- тековно: Раководител на Катедрата за меѓународно право

2017/18 - Претседател на Комисијата за подготовка за нови студиски програми на Факултетот за правни науки согласно измените на Законот за високо образование

2018/19 - Претседател на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за правни науки

2019 – тековно: Претседател на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за правни и политички науки

2018 – тековно: член на Универзитетската комисија за самоевалуација

2020/21- тековно: член на Комисијата за подготовка на нови студиски програми за правните студии на Факултетот за правни и политички науки

**3. Наставно-образовна дејност**

Кандидатот д-р Александар Чавлески учествувал во изведување на настава на првиот циклус на студии, како и на вториот циклус на студии на Факултетот за правни науки, сега Факултет за правни и политички науки. Како предметен наставник на научната област Право на Европската унија на ФПН, односно на правните студии на ФППН при АУЕ ФОН ги предава предметите:

- *Вовед во право на Европска унија*, прв циклус на студии

- *Институции на Европската унија*, втор циклус на студии

- *Заедничка надворешна и безбедносна политика*, втор циклус на студии ((по акредитираната програма од 2014/15 година)

- *Правда и внатрешни работи на ЕУ* – втор циклус на студии
- *Право за надворешните односи на ЕУ* - втор циклус на студии
- *Меѓународно право и право на ЕУ - применета програма* – втор циклус на студии

Како доверена настава ги предава предметите:

- *Граѓанско процесно право*, прв циклус на студии
- *Облигационо право*, прв циклус на студии
- *Вонпарнично и извршно право* – втор циклус на студии
- *Меѓународно јавно право – применета програма*, втор циклус на студии (по акредитираната програма од 2014/15 година)

Бил ментор на дипломски работи, како и член или претседател на повеќе комисии за оценка и одбрана на дипломски, специјалистички и магистерски трудови. Бил рецензент на неколку научни книги, како и на научни трудови во научни списанија и на меѓународни научни конференции. Како предметен професор, постојано ги иновира програмите на предметите кои ги предава, и континуирано ги вградува резултатите од неговата научно-истражувачка работа во истите.

Во своето досегашната работа, кандидатот д-р Александар Чавлески освен интерактивната работа во рамките на редовната настава практикува и индивидуална работа и консултации со студентите кои покажуваат посебен интерес за предметите кои ги предава. Наклонет е кон современата педагошка пракса, ги следи современите тенденции и истите ги вградува во изведувањето на наставата. Активно го поттикнува учеството на студентите во наставата и на тој начин го поттикнува нивното критичко размислување и правно резонирање. Освен теоретските знаења, преку наставата настојува да им ја приближи материјата и во практична смисла на студентите. Поради ова, континуирано добивал позитивни оценки во процесот на самоевалуација на Факултетот и Универзитетот. Во текот на својата досегашна кариера како универзитетски професор дал придонес кон оспособувањето и издигнувањето на повеќе соработници на ФПН/ФППН, од кои некои напредувале од соработнички во наставно-научно звања на нашиот Универзитет односно на други универзитети каде биле избрани.

Д-р Александар Чавлески е член на Катедрата за меѓународно право при ФПН/ФППН, чиј раководител е од 2017 година.

**4. Членство во меѓународни научни асоцијации**

Кандидатот е член на реномираниот Британски институт за меѓународно и компаративно право (Лондон).

**5. Познавање на странски јазик**

1. англиски; 2. германски.

**6. Научно-истражувачка дејност**

По изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Александар Чавлески има богата научно – истражувачка дејност што резултирала со значаен опус на научни трудови и една монографија, кои третираат актуелни теми од научната област во која се врши изборот. Во овој контекст, значајни се и учествата на бројни меѓународни научни конференции, симпозиуми, семинари и вебинари, како и постигнатите референтни резултати на планот на апликативноста од споменатите истражувања.

А) Учество на меѓународни научни конференции, симпозиуми, семинари и вебинари

1. Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu i Klub pravnika grada Zagreba, "Blockchain tehnologija i pravo," webinar, 22. prosinca 2021.

2. University of Groningen, "Groningen Workshop on Opinion 1/19“, Istanbul Convention: Exploring legal themes and consequences, December 17, 2021, Amsterdam.

3. Jean Monnet Centre of Excellence on Digital Governance Conference, 17 December 2021.

4. British Academy/Bingham Centre for the Rule of Law, "The Rule of Law and the Future of Democracy", 9 December, 2021, London.

5. University of Westminster, "The European Arrest Warrant at Twenty", Annual ECLAN Conference, 9 - 10 December, 2021.

6. Catolica Faculdade de Direito, Escola de Porto, "Internal Market Seminar: The End of Negative Market Integration: 60 Years of Free Movement of Goods Litigation (1961-2020)," 7 December 2021, Lisbon.

7. EURACTIV Virtual Conference "The European Green Deal - How does it impact EU food and drink SMEs?", 7 December, 2021, Brussels.

8. EU Policy Center and Apple, "EU Digital Sovereignty vs EU-US Interdependence - Reflecting on the TTC, strategic autonomy & security", November 30, 2021, Brussels.

9. Minda de Gunzburg Center for European Studies, Harvard University, "U.S.-European Relations: Where Do We Stand?", November 30, 2021.

10. BONAVERO INSTITUTE OF HUMAN RIGHTS and University of Oxford, Faculty of Law (and University of Ottawa), "Sovereignty in Public and International Law in Fractured Societies", November 23, 2021, London.

11. Pravni fakulteta Sveučilišta u Zagrebu i Klub pravnika grada Zagreba, "Ured europskog javnog tužitelja: pravni okvir i prva iskustva", 23. studeni 2021.

12. Centar za ljudska prava Pravnog Fakulteta Univerziteta u Beogradu i Platforma organizacija za saradnju sa Mehanizmima Ujedinjenih nacija za ljudska prava, "Internacionalizacija nacionalnih pitanja - izmene ustava kroz međunarodne odnose",18.11.2021, Beograd.

13. Pravni fakultet Zagreb, "Europski istražni nalog – Pravna analiza i praktične dileme međunarodne suradnje", Stručni seminar (online), 4. 11. 2021; Funded by the European Union's Justice Programme, 2014-2020.

14. British Institute of International and Comparative law and KU Leuven, *Rule of Law and Democracy in Europe*, November - December 2021.

15. Nova Centre on Business, Human Rights and the Environment (NOVA BHRE) & British Institute of International and Comparative Law, the Teaching Business and Human Rights Forum, and NOVA 4 The Globe. Webinar series: Corporate Due Diligence and Sustainable Finance: 27 May 2021, *Corporate Due Diligence and Sustainable Finance*; 24 June 2021: *Corporate Due Diligence and Gender Equality, etc*.

19. Faculty of Law, Belgrade, BELGRADE Legal Theory Symposium Group, (Webinar), "The Most Important Problem of Contemporary Legal Philosophy," May 28, 2021.

16. WORLD EMPLOYMENT CONFEDERATION, WEC Webinar, "Responsible AI for Labour Market Matching", 26 May, 2021.

17. Liverpool John Moores University School of Law, European Court of Human Rights, fourth in the webinar training series 'Punishment, Detention, Crisis: Academic Judicial Dialogues': Webinar IV - Police, Power and National Emergency, 24 May 2021.

18. Liverpool John Moores University School of Law, "European Court of Human Rights", III. webinar: "Lišenje slobode za vrijeme pandemije", 20 May, 2021.

20. Pravni fakultet Zagreb, Katedra za radno i socijalno pravo, "*Pravna zaštita od uznemiravanja i spolnog uznemiravanja,"* 18. ožujka 2021.

21. International Scientific Conference “Archibald Reiss Days,” Belgrade, 6-7 November 2019.

22. 8th International Scientific Conference on Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP 2019), Novi Sad, Sremska Kamenica, Serbia, 24 October, 2019.

23. International Scientific Conference “Archibald Reiss Days”, Belgrade, 2-3 October, 2018.

24. 7th International Scientific Conference on Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP 2019), Struga, 27-29 September, 2018.

25. 10th International Scientific Conference, Freedom and Security in Real and Cyber Space, Belgrade, 8.6.2018.

26. OSCE, Mission in Skopje, "In Dubio pro Reo: Guilty Beyond Reasonable Doubt”, Comparative Research Project, 6 October, 2017.

27. International Scientific Conference “Archibald Reiss Days”, Belgrade, 7-9 September 2017.

28. Faculty of Security, Skopje &American Embassy in Skopje, "Security Challenges and Security Studies: Perspectives from the United States and Republic of Macedonia", June 1, 2017, American Corner, Skopje.

29. 6th International Scientific Conference, Power of Communications 2017, Belgrade, 26 May, 2017.

30. OSCE, Association of the Public Prosecutors of the Republic of Macedonia and The Academy for Judges and Public Prosecutors of the Republic of Macedonia, "International Cooperation in Criminal Matters", Skopje, November, 25-6, 2016.

31. European Policy Institute, Skopje & European Fund for the Balkans, "Monitoring and Evaluation of the Rule of Law in the Republic of Macedonia," November, 16, 2016.

32. Center for Research and Policy Making, Skopje; Analitika, Skopje; Regional Research, Western Balkans, "The Non-Transformational Role of the Constitutional Court of the Republic of Macedonia", August 30, 2016

Б) Библиографија на рецензирани научни трудови објавени во референтни научни публикации:

1. **Chavleski, A**., „DEFENCE RIGHTS IN EU CRIMINAL LAW: RECENT DEVELOPMENTS,“ International Scientific Conference "Days of Archibald Reiss" Belgrade, 2017, *Thematic Proceedings*, Volume II, pp.301-311.

- Директивата 2013/48/ЕУ за правото на пристап до адвокат во кривична постапка и во постапката по Европски налог за апсење, како и правото да се информира трета страна за лишувањето од слобода и да се комуницира со трети лица и со конзуларни власти при лишување од слобода беше усвоена во 2013 година, а рокот за транспозиција истече во ноември 2016 година. Усвојувањето на оваа Директива беше резултат на потребата да се имплементира прецедентното право на Судот во Стразбур во случајот *Салдуз*, бидејќи беше потребно да се осигура почитување на правата на одбрана во пред-судската фаза, на пр. при првото испитување од полицијата, дури и во т.н. неформални фази на полициската истрага. Покрај ова, оваа Директива ги признава правата и принципите инкорпирирани во Повелбата за темелни права на ЕУ, како забраната на тортурата, правото на слобода и безбедност, почитување на приватниот и семејниот живот, правото на интегритет на личноста, итн. Со новата Директива со поставуваат минимум заеднички правни стандарди за државите-членки на ЕУ и понатаму се афирмира принципот на взаемното признавање на судските одлуки ширум ЕУ. Новата Директива го проширува корпусот на права на осомничените и обвинетите лица, и дозволува отстапувања од истите во многу ограничени случаи. Ова значи дека националните судови имаат многу мал простор за слободна процена при донесувањето на нивните одлуки. Во случај на дерогација од овие права, истите мора да дадат детално образложение за причините за таквото отстапување во конкретниот случај. Новина е што Директивата дава можност осомничените или обвинетите лица да се обратат до Судот на правдата на ЕУ, како и други инструменти за обраќање до други институции на ЕУ. Во државите-членки каде не е извршена транспозиција во пропишаниот рок, осомничените и обвинетите лица ќе можат директно да се повикуваат на правата гарантирани со Директивата пред националните судови, а последниве ќе бидат должни да дадат правна заштита. Сепак, Директивата не упатува дека овие права ќе се применуваат во постапките по издадени Европски истражни наредби, како и во транснационалните постапки, каде, како што покажува практиката, постојат сериозни недостатоци и грубо се кршат основните права на одбрана.

**2. Chavleski, A**., „THE MILITARY PLANNING AND CONDUCT CAPABILITY OF THE EU: NEW IMPETUS FOR THE COMMON SECURITY AND DEFENCE POLICY“, *Contemporary Macedonian Defence*, Issue 33, 2018, pp.211-220.

- Воспоставувањето на Службата за воено планирање и спроведување на ЕУ (СВПС) во 2017 година претставува значаен чекор кон создавање на Генералштаб на ЕУ во полн капацитет. Меѓу другото, ова се должеше на повикот за поголеми буџетски издвојувања за одбраната од страна на администрацијата на Трамп упатен кон европските партнери, како и на преговорите за Брегзит, со што се намалија отпорите за поголема одбрамбена интеграција во ЕУ. СВПС ќе биде задолжен само за т.н. "не-извршни" воени мисии, односно воени мисии каде што ЕУ не презема суверени овластувања од властите на земјата - домаќин, туку само врши советодавни функции. СВПС ќе биде надвор – од - областа, статичен центар, одговорен, *inter alia*, за зајакнување, испраќање, одржување и враќање на силите на Европската унија. Сега, со воспоставувањето на СВПС командантот на ЕУ нема обврска периодично да се враќа во Брисел за да ги информира владите и да се справува со финансирањето. Следствено, тој ќе може целосно да биде посветен на активностите на теренот. Покрај тоа, кога на теренот ќе биде отпочната определена мисија, штабот на силите на мисијата ќе му помага на командантот на силите на мисијата на ЕУ. Во споредба со досегашната ситуација, овие измени треба да обезбедат поголема кохерентност и ефективност на кризниот менаџмент во ЕУ и надминување (до одреден степен) на меѓуинституционалните ривалства, како и надминување на определени недостатоци кои се појавија кај некои од претходните мисии на ЗБОП.

3. **Chavleski, A.,** Mickovski, N., Markoski, A., „ASSET CONFISCATION IN EU CRIMINAL LAW: STATUS PRAESENS,“ International Scientific Conference "Days of Archibald Reiss" Belgrade, 2018, *Thematic Proceedings*, Volume I, pp. 271-281.

- Тема на истражување на овој труд е одземањето на противправната имотна корист на територијата на Европската унија, релевантното законодавство усвоено на овој план и проблемите кои што постојат во практиката. Тие проблеми се состојат од (но не се ограничени на): слабата организираност и недоволната екипираност на националните служби за одземање на противправната имотна корист, непостоење на пристап до другите релевантни бази на податоци, непостоење на централизирани катастри на недвижности во сите држави-членки, неповрзаност на овие служби со сигурен систем за трансфер на податоци, не сите национални служби се надлежни за барањата за взаемна правна помош за одземање на противправна имотна корист, само некои од овие служби се надлежни за управување со замрзнатиот имот итн. Скорешните податоци од Европол покажуваат дека на ниво на ЕУ само половина од сите замрзнати средства се последователно конфискувани. Новата правна рамка треба да ги надмине овие проблеми, да ја зајакне взаемната доверба меѓу институциите, а новопредложената Регулатива ќе ги опфаќа прекуграничните случаи и ќе има проширен опсег во споредба со инструментите усвоени во поранешниот Трет столб на ЕУ, како и Директивата 2014/42/ЕУ, т.е. настојува да ги потполни правните празнини

кои претходно ги искористуваа сторителите на кривични дела. Сепак и новиот правен режим не ги одразува прогресивните заложби на Европскиот парламент одземениот имот да се користи за остварување на целите на социјалната политика, со што бенефит би имале најзагрозените категории на граѓани, ниту пак се покриени случаите на фиктивен трансфер на имотот и средствата на име на брачниот другар, со што истите се заштитени од замрзнување со судска одлука, а понатаму и од нивно конфискување.

4. **Chavleski, A.,** „THE EUROPEAN UNION COUNTER-TERRORISM POLICY AFTER THE TERRORIST ATTACKS IN PARIS,“ International Scientific Conference "Days of Archibald Reiss" Belgrade, 2016, *Thematic Proceedings,* Volume II, pp. 356-365 (трудот е излезен од печат по денот на изборот во вонреден професор).

- Терористичките напади во Париз во јануари и ноември 2015 година предизвикаа значајни придвижувања на анти-терористичката политика на ЕУ. Сепак, некои од нив предизвикуваат загриженост во поглед на нивната легалност и легитимитет. Новите мерки предвидуваат масовно следење на сите патници, без оглед дали се или не се државјани на ЕУ. Ова е во спротивност со шенгенските правила, државјанството на ЕУ и ја повредува слободата на движење на лица. Стравовите уште повеќе се зголемија со пристигнувањето на извештаите од разузнавачките агенции дека барем еден од напаѓачите во ареналта Батаклан во Париз пристигнал преку т.н. балканска рута. Сепак, практично е невозможно такви изолирани поединци или групи да се идентификуваат на граничните премини со масовно следење и прибирање на податоци. Ова дотолку повеќе, што, повеќето од сторителите на овие терористички напади беа државјани на државата, и жители на градовите каде што е изведен нападот. Брзината со која ваквите мерки се усвојуваат без учество на Европскиот парламент и контрола од страна на Судот на правдата го поткопува принципот на владеење на правото во ЕУ. Уште повеќе, ваквите напади ги охрабрија одделни држави-членки за пофлексибилни одговори кон терористичките закани, како во самата ЕУ, така и во странство. На овој начин, тие ги заобиколуваат пречките кои ги поставува правилото за донесување на одлуките со консензус во сферата на ЗНБП. Затоа, во трудот се анализираат потенцијалните чекори што треба да се преземат како на внатрешен, така и надворешен план во односите со државите откаде потенцијално се инфилтрираат вакви терористи/групи, како и преземање на ефективни мерки за пресекување на изворите на финансирање на истите.

5. **Chavleski, A.,** „Cybersecurity Policy of the European Union: Recent Trends,“ *Proceedings of the 10th International Scientific Conference “Freedom and Security in the Real and Cyberspace”*, Belgrade, 2018.

- Проблематиката на зголемениот број на кибер - напади против институциите на ЕУ, како и против самите држави-членки на ЕУ кои кулминираа со кибер - нападот врз претседателската кампања на (тогаш) претседателскиот кандидат Макрон во Франција во 2017 година ги поттикна институциите на ЕУ да преземат решавачки чекори со цел да се подобри безбедноста на информатичките и компјутерските системи, да се борат против кибер-шпионажата и кибер-криминалот, како и подобрување на сигурноста на европските граѓани кога користат Интернет. Со усвојувањето на Стратегијата на ЕУ за кибер - безбедност, Стратегијата за Дигиталниот Единствен пазар, Агендата на ЕУ за безбедност и Глобалната стратегија на ЕУ, кибер-безбедносната политика на ЕУ се издигна во еден од клучните приоритети на ЕУ, а самата ЕУ во еден од клучните пропоненти на кибер-безбедноста во светски рамки. Овие развои повлекоа и инволвираност на следните институции и тела на ЕУ: Агенцијата за кибер-безбедност на ЕУ, Европскиот центар за киберкриминал лоциран во Европол, Европската одбрамбена агенција, Генералниот директорат за миграција и внатрешни работи, Европската служба за надворешно дејствување, Тимовите за итни компјутерски одговори, итн. Европол беше инволвиран во серија успешни акции против кибер - нападите и измамите како Triangle, Bugbyte, Bluebonnet, R2D2 and B58 (Dorkbot). Понатаму, успешни акции беа спроведени од страна на германските правосудни органи во соработка со Европол, Евроџаст и американските власти во соборувањето на платформата Avalanche. Слично, во 2017 година беа соборени двата најголеми пазари на Dark Web-от, наречени AlphaBay и Hansa, а подоцна беше разбиена киберкриминална група која што продаваше софистициран софтвер. Но, трудот покажува дека сепак институциите на ЕУ во извршувањето на овие надлежности се соочени со недоволно расположливи финансиски средства и постои нејасна делимитација на нивните надлежностите во однос на националните власти на државите-членки.

6. **Chavleski, A.,** „EUROPEAN UNION’S RESPONSE TO HATE SPEECH: RECENT DEVELOPMENTS“, International Scientific Conference "Power of Communications 2018", Belgrade, *Proceedings*, pp.13-29.

- Во овој труд тематиката е правниот одговор на ЕУ кон сè повеќе присутниот говор на омраза кој од една страна го шират пропонентите на десничарскиот популизам, заговорнинците на Брегзитот, но и пропагандата од екстремистичките муслимански организации, кои можат да придонесат за радикализација на потенцијалните извршители на терористички акти. Првите чекори насочени кон борбата против говорот на омраза и кривичните дела од омраза датираат од 1990 - тите години, но порешителни чекори беа преземени со Рамковната одлука за борба против расизмот и ксенофобијата од 2008 година, со кое државите-членки беа обврзани да го инкриминираат говорот на омраза. Но, санкционирањето на говорот на омраза е деликатно прашање, бидејќи веднаш се засега во слободата на говор. Нема јасни критериуми според кои што може да се разграничи „говорот на омраза“ од една страна и „дозволената критика“ од друга. Понатаму, на Европскиот

континент по ова прашање постои полиберален став заговаран од страна на Советот на Европа. Па така, во случајот *Перинчек*, Судот во Стразбур утврди повреда на чл.10 од ЕКЧП од страна на Швајцарија поради инкриминирањето на негирањето на геноцидот. Таквата инкриминација е диспропорционална и не е неопходна во едно демократско општество. На овој начин, државите-членки на ЕУ се ставени во тешка позиција: ако го инкриминираат говорот на омраза, тогаш не се во согласност со судската практика на ЕСЧП, а ако не го инкриминираат - тогаш не ги исполнуваат обврските кои произлегуваат од легислативата на ЕУ. Други акти на ЕУ кои содржат правила против говорот на омраза се: Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, Директивата за електронска трговија, Директивата за поддршка на жртвите на кривични дела, Директивата за расна еднаквост, Директивата за еднаквост при вработување, итн. Во трудот се разработени и релевантни судски случаи решавани од Судот во Луксембург.

7. **Chavleski**, **A.,** Gligorova, A., „Financing EU Military Operations: The Athena Mechanism“, *International Refereed Scientific Journal Vision,* Volume 3, Issue 2, December 2018, pp.65-80.

- Централна тема на овој труд е механизмот АТХЕНА за финансирање на мисиите на ЕБОП/ЗБОП, воспоставен во 2004 и неговите последователни измени во 2011, како и во 2015 година. Според постојниот режим, финансирањето на мисиите на ЗБОП е фрагментирано: административните трошоци доаѓаат од буџетот за ЗНБП, меѓутоа оперативните трошоци произлегуваат од различни извори. Мисиите со одбрамбени или воени импликации ги финансираат државите-членки кои учествуваат во операцијата, и посебно преку АТХЕНА - Механизмот. Сè до референдумот за Бгегзит, како и отпочнувањето на преговорите меѓу ЕУ-27 и Британија, британското противење на подлабока интеграција на овој план беше голема пречка за надминување на правните и техничките пречки за финансирање на операциите во рамките на ЗБОП. Но, со извесното истапување на Британија од членство, се создадоа услови најпрво за воспоставување на Службата за воено планирање и изведување, а потоа и со Европската мировна постројка, како инструмент кој трајно треба да ги реши проблемите на стабилно финансирање на миротворните мисии на ЕУ ширум светот, како и превентивното делување на Унијата во потенцијални кризни жаришта. Со ова треба да се обезбеди кохерентност на Унијата во нејзиното надворешно дејствување, како и финансирање на оние операции кои поради нивните воени или безбедносни импликации не би можеле да се финансираат од буџетот на Унијата. Овој инструмент е замислен како пофлексибилен и треба да го замени АТХЕНА - Механизмот.

8. **Chavleski**, **A.,** Galev.G., „GATHERING E-EVIDENCE IN CROSS-BORDER CASES: RECENT DEVELOPMENTS IN EU LAW“, *KNOWLEDGE* – International Journal Vol.32.1 July, 2019, pp.155-162.

- Овој труд ја третира проблематиката на прибавувањето на дигитални докази во судски постапки кои се водат во една држава, а доказите се наоѓаат надвор од нејзината јурисдикција. Во денешно време, практично во сите постапки кои се водат пред судовите, дигиталните докази се појавуваат континуирано со цел докажување на разни факти. Оваа соработка често во практиката наидува на пречки како од правна, така и од фактичка природа. Така, во терористичките напади кои беа изведени на територијата на Европската унија, напаѓачите користеа различни онлајн платформи за комуникација, кои националните власти тешко можеа да ги детектираат, обезбедат како докази и истите да ги зачуваат за употреба во идните судски постапки. Сегашната соработка меѓу државите се базира врз серија на меѓународни договори за меѓународна правна помош, и сериозна неусогласеност на националното законодавство на овој план. Некои земји дури прибегнаа кон создавање на национален кибер-простор, со обврска секоја компанија која оперира на нивната територија да има сервери таму и на кои ќе се чуваат сите податоци за интернет - сообраќајот. Во поновиот период, се забележува соработка врз доброволна основа помеѓу националните власти на една држава и приватните провајдери во друга држава (на пр. од некоја држава-членка на ЕУ се упатува барање до седиштето на Фејсбук во САД за следните мерки: 1) заземање на интернет домаин-и 2) отстранување на содржина од определена интернет - страница и 3) пристап до податоците за корисникот. Понатаму, трудот се осврнува на тоа како се развивала правната рамка на ЕУ за прибавување, зачувување и трансфер на дигитални докази, со посебен осврт на новата Драфт - регулатива за наредбите за доставување на докази (European Production Order-EPdO) и за блокада/замрзнување/зачувување на докази (European Preservation Order – EpsO), кои може да бидат издадени ако се неопходно потребни и пропорционални за веќе отпочнати кривични постапки во една држава – членка, а се однесуваат на дигитални докази кои се наоѓаат кај приватна компанија на територијата на ЕУ или надвор од ЕУ. Двете наредби мора да бидат издадени или одобрени од судски орган на држава-членка на ЕУ. Тие може да бидат насочени кон провајдери на електронски комуникации, платформи за социјални контакти, онлајн - трговијата, хостинг услуги, провајдери на ИП - адреси и регистри на домеини итн. Со ова се надминуваат проблемите кои постоеја досега во практиката и кои вклучуваа постапувања на два суда: еден во државата - издавач на мерката, и друг во државата - извршител на барањето/наредбата. На овој начин, барањето директно се упатува до провајдерот на услугата, без било какво посредување од страна на државен орган. Овие наредби се дизајнирани пред сè за да се обезбедат веќе постоечки податоци кај провајдерот (а не идни податоци), кои подоцна ќе бидат побарани со наредба за доставување на докази. Новата драфт-Регулатива е во голема мера инспирирана од американскиот Клауд Акт (CLOUD ACT) и содржи слични решенија. Во поглед на правните лекови, ги предвидува само оние за провајдерите на услуги, а правните лекови за сите други засегнати лица треба да бидат пропишани со националното право и треба да содржат можност да се оспори легалноста на мерката пред националните судови. Пропишаните процедури со драфт-Регулативата вклучуваат: 1) Контролна постапка во случај на меѓусебно конфликтни обврски базирани врз фундаменталнаите права или фундаменталните интереси на трета држава; 2) Контролна постапка во случај на меѓусебно спротивставени обврски по други основи и 3) ефективни правни средства (лекови) наменети за осомничените или обвинетите лица.

9. **Chavleski, A.,** Chudoska-Blazevska, I., Gligorova, A., „EU EMMISSIONS TRADING SCHEME: RECENT DEVELOPMENTS,“ *Vision, International Refereed Scientific Journal,* Volume 4, Issue 2, December 2019, pp.87-102.

- Во овој труд се анализира системот за тргување со штетни емисии во Европската унија кој што беше воспоставен во 2005 и денес во него учествуваат 31 држава (од ЕУ и надвор од ЕУ). Овој систем опфаќа преку 12000 индустриски постројки од ЕУ и авиопревозници и опфаќа половина од вкупните емисии на јаглероден диоксид во ЕУ. Досега ЕТС поминал низ следните фази: Прва фаза (2005-07), Втора фаза (2008-2012), Трета фаза (2013-20) и Четврта фаза (2021-2030). Посебен акцент е ставен врз реформите кои се извршени со новата ЕТС Директива од 2018 година, според кои беа воведени следните елементи: ЕТС ќе биде главниот инструмент со кој ќе се остваруваат целите за намалување на штетните емисии за 40 %, со годишен фактор за намалување од 2,2 посто (т.н. линеарен фактор за намалување), а кој ќе се применува од 2022 година. Така, во 2030 година нивото на јаглероден диоксид треба да се намали за најмалку 40% во споредба со податоците за нивото на ЦО2 во 2005 година. Но, Еврокомесарот за животна средина постави уште поамбициозна цел тоа намалување да биде 45 % во споредба со нивоата од 2005 година. Во моментот, само Германија предничи во остварањето на овие цели со масовно користење на обновливи извори на енергија и со реализацијата на стратегијата за што поголем број на електрични возила на германските патишта. Со измената на Одлуката 2015/1814, процентите и стотте милиони дозволи кои што ќе бидат ставени во резервата за стабилизирање на пазарот ќе бидат привремено удвоени до крајот на 2023 година. Сега, правилото е дека од 2023 година дозволите кои што се чуваат во резерва над вкупниот број на дозволи дадени на аукција во претходната година повеќе нема да бидат валидни. Воспоставен е и нов механизам за ограничување на валидноста на дозволите во резервата за стабилност на пазарот над определени нивоа кои ќе бидат оперативни од 2023 година. Според новиот чл.13, дозволите издадени од 1 јануари 2013 година ќе важат неограничено. Дозволите издадени од 1 јануари 2021 ќе вклучуваат индикатор во кој десетгодишен период после оваа дата биле издадени, и ќе бидат валидни за емисиите од првата година од тој период, па во следниот период. Предвидени се и нови заштитни механизми за заштита на индустријата од протекување на јаглерод и ризикот од примена на крос-секторскиот фактор за корекција.

10. **Chavleski**, **A.,** Gligorova, A., Risteski, T., „EU Cyber Defence Policy: Recent Developments“, *Proceedings from the 8 th INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ON CLIMATE CHANGE, ECONOMIC DEVELOPMENT, ENVIRONMENT AND PEOPLE* (CCEDEP 2019), pp. 179- 194.

- Овој труд ја разгледува кибер-безбедносната политика на ЕУ во последните две децении, со посебен акцент на рецентните развои, кога ЕУ како значаен политички и економски субјект беше подложна на серија кибер - напади. Следствено, кибер – безбедноста стана исклучително важна не само за ЕУ и нејзините држави – членки, туку и меѓународната безбедност воопшто. За таа цел, ЕУ има воспоставено соработка на ова поле со други држави и со меѓународни организации, меѓу кои најзначајна е соработката со НАТО. Сепак, оваа соработка страда од серија недостатоци, кои пак ги искористуваат поединците или групите кои извршуваат кибер - напади. Најзначајни чекори кои се преземени се: усвојувањето на Стратегијата за кибер - безбедност во 2013 година, Пакетот за кибер – безбедност од 2017 година, како и казненоправните мерки преземени за борба против кибер - нападите. Трудот покажува дека во времето во кое живееме, ЕУ не претставува кохерентен кибер-безбедносен актер, бидејќи клучните надлежности во оваа сфера остануваат во рацете на државите-членки и се сметаат за исклучителни важна сфера на националните интереси. Постоечките надлежности на овој план на ЕУ - ниво се лоцирани во различни институции и агенции на ЕУ кои страдаат од недостаток на персонал и доволно ниво на финансирање и опременост, што резултира и со послаба координација и соработка помеѓу истите, како и со недоволна респонзивност кон потенцијалните кибер-опасности. Друг проблем е недоволната искористеност на новите технологии како Вештачката интелигенција (ВИ), која може да придонесе за елиминирање на некои од ризиците во кибер-просторот. Сепак, некои чекори за надминување на овие состојби се преземени со усвојувањето на Актот за Кибер-безбедност на ЕУ (2019), како и постојаниот мандат на ЕНИСА (Агенцијата за кибер-безбедност на ЕУ). Следеа воспоставувањето на Рамката за ЕУ за одговор на кибер-безбедносни кризи, Фондот за итен одговор на кибер-напади; воспоставување на мрежа за кибер-безбедност со Европскиот центар за истражување на кибер-безбедноста итн.

11. Risteski, T., **Chavleski, A.,** Gligorova, A., “Ecologic Cadastre: Comparative Overview of the EU and Macedonian Law,” *Proceedings from the 8 th INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ON CLIMATE CHANGE, ECONOMIC DEVELOPMENT, ENVIRONMENT AND PEOPLE* (CCEDEP 2019), pp. 245-260.

- Во овој труд се анализираат решенијата содржани компаративно во правото на ЕУ и во македонското право, а кои се однесуваат на регистарот на загадувачи на животната средина (еколошкиот катастар). Од средината на 1990-тите, ЕУ презема сигнификантни чекори за борба против климатските промени. Па така, пристапот до информации за штетните емисии во воздухот, водата и земјата се клучни придобивки од Архушката конвенција и Киевскиот протокол. Е-ПРТР е бесплатна платформа која обезбедува изобилство од податоци за загадувачите, нивоата на штетни емисии, графикони, статистички податоци итн. На овој начин, граѓаните на ЕУ се целосно информирани за сите загадувачи кои ја засегаат животната средина, но сеуште има простор овој систем да се

надгради. Македонското право номинално ги следи сите релевантни развои на меѓународен план, посебно преку процесот на редовен мониторинг од страна на Европската комисија. Но, сеуште се потребни дополнителни напори за да се обезбеди лесен и бесплатен пристап за македонските граѓани до сите релевантни информации за загадувачите на животната средина. На овој начин, македонските граѓани би имале поголем инпут во одлучувањето за прашањата кои се однесуваат на заштитата на животната средина, бидејќи во моментот постои само една платформа (http://air.moepp.gov.mk) која нуди само нецелосни податоци за загадувачите и штетните емисии во животната средина, што е незадоволително.

12. **Chavleski, A.,** Markoski, A., Risteski, T., Gligorova, A., Popovska-Kochiska, V., “THE NEW EU DIRECTIVE ON COMBATTING TERRORISM: A CRITICAL APPRAISAL,” “ARCHIBALD REISS DAYS” Belgrade, 6-7 November 2019, *THEMATIC CONFERENCE PROCEEDINGS OF INTERNATIONAL SIGNIFICANCE VOLUME I & II*, pp.373-384.

- Тематиката на овој труд е критичка оцена на назначајниот правен инструмент усвоен од страна на ЕУ, а насочен кон борбата против тероризмот - Директивата за борба против тероризмот од 2017 година. Оваа Директива ги имплементира меѓународните обврски во борбата против тероризмот кои произлегуваат од резолуциите на Советот за безбедност на ООН, како и соодветните конвенции на Советот на Европа. Оваа Директива е надградба на правниот режим воспоставен со Одлуката на Советот 2002/475/ПВР, и прилагоден на спецификите на Европската борба против тероризмот во модерното доба. Директивата настојува да ги адресира проблемите на пр. со пристапот до терористичка содржина преку Интернет, што согласно Директивата мора да биде отстранета од сајтот, или ако истиот се оперира надвор од ЕУ, тогаш пристапот до него мора да биде блокиран (бидејќи преку ваквите интернет - страници се само-радикализираат потенцијалните извршители на терористички акти на територијата на ЕУ); понатаму, инкриминирано е обезбедувањето на обука за тероризам, што може да се состои стекнување на знаења, документација, само-обука итн. со цел извршување на терористички напади; тука влегуваат и т.н. ниско-технолошките напади со секојдневно достапни средства (на пр. нападите со камиони во Берлин); употребата на радиолошко оружје и нелегалното попречување на информациони системи, исто така, е вброено во терористичките активности; адресиран е и проблемот на странските терористички борци и повратниците од боиштата во Сирија итн. Новата Директива гарантира и серија права за жртвите на терористичките напади, и (во случај на нивна смрт) за членовите на нивните семејства. Таа помош вклучува: медицинска помош, емоционална и психолошка помош, совети во врска со достапната правна помош, помош при истакнувањето на барања за надомест на штета итн. Овие права се комплементарни на правата содржани во Директивата 2012/29/ЕУ.

13. Galev, G., **Chavleski, A**., “Dominant Monopoly in the European Union”, *Vizione*, 33/2019, pp.485-496.

- Овој труд ја третира проблематиката на доминантните монополи во Европската унија и забраната за злоупотреба на монополската положба. Заклучува дека системот за ефективна примена на правилата за заштита на слободната конкуренција има една од следните три функции: репарирање, превенирање и реставрирање на конкуренцијата на пазарот. Превентивната функција би се состоела во детектирање на потенцијалните прекршувања на правилата за слободна конкуренција и наметнување на казни за економските оператори кои ги прекршуваат/злоупотребуваaат истите. Системот базиран врз компензација настојува да ја поврати состојбата на работите како што била пред да настане повредата. Правните мерки за обнова (реставрирање) на конкуренцијата настојуваат да ги воспостават условите за слободна конкуренција на пазарот каде поради прекршувањето на истите настанала и штетата. Ова е доминантниот начин преку кој се остварува правната заштита во случај на нарушување на правилата за слободна конкуренција на пазарот. Сепак, и останатите системи се во примена, но во различен степен во различни држави. Системот на реставрирање на конкуренцијата подразбира активна улога и познавање на спецификите како од судовите, така и од регулаторните тела за заштита на слободната конкуренција и истите не се ограничени само на спречување на т.н. плодоуживање од злоупотребата на доминантната позиција на пазарот, односно привилегиите кои ги остваруваат со кршењето на правилата за слободна конкуренција на пазарот. Ова произлегува оттаму што злоупотребата на доминантната положба ја нарушува рамнотежата меѓу претпријатијата на пазарот, што постоела односно би требала да постои, ако злоупотребата воопшто не се случила. Затоа, судовите и регулаторните тела треба слободно да применуваат и порадикални санкции за елиминирање и одвраќање во иднина да не се случуваат вакви злоупотреби преку дисолуција на претпријатијата кои ја злоупотребуваат доминантната положба на пазарот, обештетување на субјектите кои биле загрозени од прекршувањето на правилата за слободна конкуренција или олеснување на условите за влез на пазарот на нови субјекти итн.

В) Библиографија на стручни трудови:

I. **Чавлески, А.,** Маркоски, А., “Посебни истражни мерки: компаративен преглед”, *Правник* бр.342 (стручно списание), октомври 2020, стр. 23-34 (специјален прилог)

- Посебните истражни мерки како средства за обезбедување на докази во судската постапка се применуваат во сите современи држави со цел успешна борба против

сторителите на кривичните дела. Ваквите мерки се користат само кога е тоа неопходно и потребно за успешно водење на кривичната постапка, или за заштита на интересите на националната безбедност. Посебен акцент во трудот е ставен врз Европската истражна наредба (ЕИН), која го афирмира принципот на взаемно признавање. Посебните истражни мерки предвидени со ЕИН се на пр. проверка дали физичкото или правното лице против кое се води кривична постапка поседува или контролира една или повеќе сметки, и оваа информација мора да ја даде секоја банка на територијата на ЕУ; податоци за конкретни сметки и конкретни банкарски операции, контролирани испораки на територијата на државата - извршител, следење на комуникациите итн. Сепак, и по усвојувањето на ЕИН остана отворено прашањето за автоматското признавање на дозволеноста на вака прибавените доказни средства пред националните судови во државите-членки. Чл.82(2) ДФЕУ дава можност за воведување на заеднички минимални стандарди на ниво на ЕУ за олеснување на дозволеноста на доказите, но во моментов такви стандарди не се усвоени. Во праксата, ова може да значи постоење на проблеми при оцената на дозволеноста на доказите, прибавени со нејзина примена (на ЕИН). Оттаму, прибавувањето докази во кривични предмети би функционирало без проблеми само меѓу државите-членки со слични национални стандарди за прибавување на докази. Покрај ЕУ, даден е компаративен преглед и осврт на законските решенија за одобрување и примена на Посебните истражни мерки во македонското, германското и италијанското право.

II. **Чавлески, А.,** „Правна рамка на Европската унија за спречување на перење пари и финансирање тероризам“, *Правник*, бр.345 (стручно списание), Јануари, 2021, стр.23-34 (специјален прилог).

- Овој специјален прилог е посветен на проблемот на перењето пари и со него поврзаното финансирање на тероризмот, кои добија приоритет во ЕУ заедно со даночното затајување и националните програми за штедење за време и по финансиската криза, што го окупираа и вниманието на јавноста. Шесте директиви на ЕУ против перењето пари се насочени кон редуцирање на можностите за злоупотреба на глобалниот финансиски систем за остварување на недозволени цели. Овие директиви во голема мера ги имплементираат стандардите наметнати од Работната група за финансиска акција (РГФА), но во некои сегменти поставуваат уште построги услови прилагодени кон спецификите на ЕУ. Прекинот на приливот на финансиски средства кон осомничените терористи/организации може да ги осуети потенцијалните терористички напади. Следењето на трагот на парите може да доведе до идентификација и апсење на осомничените терористи и нивните помагачи, поттикнувачи итн. Со Петтата и Шестата Директива против перење пари беа затворени голем број правни празнини кои досега беа искористувани од терористите и нивните помагачи/спонзори. Сепак, определбата наместо со регулативи, борбата против перењето пари и финансирањето тероризам да се води со директиви, остава простор поради нецелосното и ненавременото транспонирање да не бидат остварени зацртаните цели.

Останува проблемот (што е присутен не само во ЕУ, туку и во светски рамки), што почитувањето на правилата против перењето пари од обврзаните субјекти предизвикува преку 120 пати поголеми трошоци отколку реално запленетиот имот/средства од криминалците.

Г) МОНОГРАФИЈА**: Chavleski, A**., *EU ANTITERRORISM LAW: SANCTIONS,* Skopje, 2021

Оваа монографија е посветена на развојот на Антитерористичкото право на ЕУ како нова правна гранка во областа Право на Европската унија. Истата во моментов претставува најсеопфатна монографија за селектираната тематика објавена на англиски јазик воопшто. Наменета е првенствено за научната јавност, но, исто така и за практичарите кои работат на оваа проблематика. Значајно е што се базира врз изворно истражување на преку 100 релевантни судски случаи решавани од Општиот суд и Судот на правдата, со посебен фокус врз најновите развои во нивната јуриспруденција, како и определен број случаи од националните судови на државите-членки. Проучувана е екстензивно и целокупната релевантна легислатива на ЕУ за дадената проблематика.

Монографијата систематски ја следи генезата на антитерористичката правна рамка како низ примарното, така и низ секундарното право на Унијата, понатаму соработката со трети земји (посебно земјите од МЕНА регионот, како и Балканот) и меѓународни организации на планот на борбата против тероризмот, вметнувањето на клаузули за борба против тероризмот во меѓународните договори кои ги склучува Унијата, развивање на многубројни специјализирани инструменти за борба против тероризмот и насилниот екстремизам (како Африканската мировна постројка, Итниот фонд за Африка, ЗБОП, Инструментот за придонесување кон стабилноста и мирот, многубројните антитерористички проекти водени заеднички со ООН), итн. Анализирани се и најзначајните извори на антитерористичкото право на ЕУ, како Рамковната одлука за борба против тероризмот, Рамковната одлука за Европскиот налог за апсење, Европскиот налог за докази, Директивата за Европската истражна наредба, и во моментот најзначајните извори: Директивата за борба против тероризмот и Директивата за борба против перењето пари со казненоправни средства. Овие правни инструменти беа усвоени под доминантно влијание на САД, ООН, Советот на Европа и РГФА, но во последните години беа усвоени и изворни мерки специфично дизајнирани за борбата против тероризмот на Европско тло. Стратегијата за безбедносна унија (2020) потенцира дека опасноста од терористички напади за жителите на Европската унија инспирирани од ИСИС и Ал Каеда е сеуште на високо ниво. Затоа, заштитата на европските граѓани од тероризмот и организираниот криминал е наведена како трет по ред стратешки приоритет за Безбедносната унија. Наспроти бројните правни и практични мерки преземени (по правило) *ex post facto*, како и континуираното подобрување на соработката на ниво на ЕУ и на ниво на држави-членки и значајните

финансиски средства кои ЕУ ги издвојува за борбата против тероризмот кои се мерат во стотици милиони евра, сепак и ден-денес постојат недостатоци поради кои не можат да се откријат и/или осуетат активностите на терористичките организации во ЕУ, односно нивните помагачи/спонзори. ЕУ разви и значајна институционална рамка за борбата против тероризмот, каде примарно надлежен е Советот, потоа Координаторот за борба против тероризмот, Европската служба за надворешно дејствување, Високиот претставник за надворешни работи и безбедносна политика, Европол, Евроџаст, Фронтекс, но и Европската комисија. Сите овие институции, тела и агенции значително допринесоа да се зајакне профилот на ЕУ како субјект во борбата против тероризмот, на внатрешен и меѓународен план. Понатаму, монографијата ги проучува и најновите развои на овој план како: употребата на Вештачката интелигенција (ВИ) во борбата против тероризмот, предлогот за проширување на мандатот на Европскиот јавен обвинител со цел да се надмине проблемот со фрагментираноста на истрагите против терористите/нивните помагачи, ненавремената размена на информации, спречувањето на т.н. кражби на идентитет, зајакнувањето на граничните контроли, подобрувањето на датабазите на агенциите за спроведување на законот, натамошното зајакнување на капацитетите на Европол, елиминирањето на пристапот на потенцијалните терористи/организации до експлозиви, огнено оружје, развивањето на контра-мерки против малициозната употреба на дронови итн.

Понатаму, екстензивно се анализира генезата на системот на санкции достапни и применувани од ЕУ, правните основи за воведување санкциите, времетраењето на санкциите, процедурата за усвојување на санкциите, специфичните санкции против поединци, ентитети или држави кои се инволвирани во терористички активности/помагање на тероризмот, достапната судска контрола против одлуките за воведување на санкции и имплементирачките регулативи, вклучувајќи и тужби за надомест на штета од засегнатите лица и/или ентитети поради (потенцијално) нелегално воспоставените санкции. Имплементацијата на санкциите на ЕУ и надзорот врз истата е сложен процес, кој се одвива на ниво на ЕУ, на ниво на државите-членки, а за некои видови санкции и на двете нивоа. Така, на пример, надлежните власти на државите - членки секојдневно се инволвирани во: пропишување на парични казни и/или затворски казни во нивното национално право поради прекршување на санкциите, и изрекување на истите против конкретни прекршители; пропишуваат во кои услови може да се дозволи исклучок од санкциите, како и поднесуваат извештаи до Европската комисија во врска со спроведувањето на санкциите и евентуалните проблеми. Од своја страна, и Европската комисија континуирано проверува дали државите-членки навремено и правилно ги спроведуваат регулативите за санкциите, а доколку воочи неправилности, тогаш може да ја покрене процедурата од чл.258 ДФЕУ против државите-прекршители, што може *in ultima linea* да резултира со парични казни против истите.

Денес, ЕУ воведува санкции како дел од напорите на ООН за борба против тероризмот, понатаму воведува и т.н. суплементарни санкции кон оние веќе воспоставени од Советот за безбедност на ОН и трето, усвојува автономни санкции насочени кон

поединци, ентитети или групи, за кои Советот на ЕУ смета дека се инволвирани во тероризам и/или го помагаат тероризмот. Сегашните санкции кои ги воведува ЕУ се високо специјализирани и насочени конкретно кон лицата или организациите кои се инволвирани, а не и кон други лица кои немаат врска со тероризмот (т.н. таргетирани санкции/паметни санкции). Т.н. „блеклистинг“ е најзначајната форма на овој тип санкции. „Блеклистинг“-от е од превентивна природа и има за цел да спречи идни терористички напади, па затоа против лицата кои се ставаат на „црната листа на ЕУ“ обично постојат само извештаи од разузнавачките агенции, кои во најголем број случаи не можат да се проверат од страна на Советот на ЕУ, т.е. доволно е да постојат само индиции дека лицата и/или ентитетите се инволвирани во терористички активности или во нивно помагање.

Сепак, бидејќи најчесто „блеклистинг“-от истовремено/паралелно се користи со други видови на санкции, нема јасни индикатори како и во кој степен истиот придонел во намалувањето на бројот на терористички напади, намалување на бројот на жртвите, ниту пак дали имал влијание некои групи да се одречат од нивните радикални иделогии и цели, или пак истите биле расформирани итн. Овие санкции се состојат од (но не се ограничени на): замрзнување на пари/имот, забрани за патување, ембарго за оружје, ограничување на извозот на стоките со двојна употреба, забрани за банкарски трансфери, забрана за инвестирање во определени таргетирани држави, санкции против кибер-терористи, итн. Кога овие санкции се насочени кон физички лица и/или ентитети, може значајно да навлегуваат во основните права и слободи, па дури и да предизвикаат материјална и нематеријална штета. Државите кои спонзорираат тероризам не се овластени апликанти против вакви санкции пред СПЕУ. Во последно време се забележува рапидна експанзија на бројот на случаи пред СПЕУ поврзани со санкциите наметнати од ЕУ. Кон актите усвоени во сферата на ЗНБП кои СПЕУ има надлежност да ги контролира, истиот може да врши контрола како кон секој друг правен акт на ЕУ, со цел да обезбеди почитување на правото на Унијата, бидејќи овде важат принципите на делотворна судска заштита (чл.47 од Повелбата за темелните права на ЕУ) и „целосниот систем на правни лекови“ (случајот *Les Verts*). Ова беше возможно поради фактот што со Лисабонскиот договор, ЕУ стана единствен правен ентитет, како и фактот што чл.21 ДЕУ стипулира дека активностите на Унијата на меѓународен план ќе се базираат врз принципите кои го инспирираа нејзиното создавање и кои се стреми да ги промовира во светот, каде принципот на владеењето на правото е круцијален. Ова го потврдува и чл.23 ДЕУ. Генерално, досегашната практика покажува дека санкциите може да дадат ефект само кон оние ентитети кои имаат некакви квази-државни функции (на пр. ИСИС, со нејзината финансиска организација, воена организација, даночен систем итн).

Исто така, во монографијата се потенцира фактот што денес антитерористичкото право на ЕУ ги препозна разните обиди за *fraus legis*, од типот на: пренасочувањето на трговијата преку трети земји, користење на фиктивни компании, користењето на банкарските системи на држави кои се познати како т.н. „даночни раеви“, користењето т.н.

подземно банкарство – *hawala*, употребата на блиски лица за извршување на финансиски трансакции (лица кои не се под лупа на агенциите за спроведување на законот), плаќање со дијаманти, криптовалути итн. Сепак, нема сигурни индикатори во која мера мерките кои ги презема ЕУ против изигрувањето на режимот на санкциите навистина даваат ефект/колку се делотворни.

Посебен фокус во монографијата е ставен врз најновите развои во јуриспруденцијата на СПЕУ како можноста за судска контрола врз одлуките за санкции донесени во рамките на ЗНБП преку процедурата за одлучување по претходни прашања (случајот *Rosneft*), досудувањето на нематеријална штета (случајот *Abdulrahim*, подоцна во случајот *Safa Nicu Sepahan*), можноста за судска заштита пред националните судови, како и можноста СПЕУ да досудува надомест на штета поради усвојувањето на акти врз основа на чл.29 ДЕУ (случајот *Bank Refah Kargaran v Council)* што претставува битна промена во однос на досегашната судска практика на Општиот суд. На пример, ваквите тужби според прецедентното право во 1990-тите и во 2000-тите се сметале за манифестно недозволени. При усвојувањето на одлуките за воспоставување на санкции, Советот на ЕУ мора да ги почитува основните процесни права на засегнатите лица, а во согласност со наведената судска пракса на СПЕУ, како и принципот на пропорционалност при проценката на корисните и штетните ефекти од наметнувањето на санкциите. Бидејќи овие одлуки подлежат на контрола од Општиот суд и Судот на правдата, Советот на ЕУ мора да биде сигурен дека при донесувањето на овие одлуки постоеле солидни основи за усвојување на санкции кон засегнатите лица/ентитети. Но, во денешно време и понатаму остануваат проблемите со ефективната примена на антитерористичкото право на ЕУ на теренот, како и потребата за затворање на правните празнини и соодветен одговор кон иновативните методи постојано развивани од страна на терористите, нивните поддржувачи и следбеници за остварување на нивните цели.

Д) Претходно, кандидатот д-р Александар Чавлески објавил универзитетски учебник *Институции на Европската унија (2008)* (во коавторство со Проф.д-р Александар Николовски), кој е позитивно рецензиран и прифатен за учебник со Одлука на Наставно-научниот совет на (тогаш) Факултетот за правни науки при ФОН Универзитетот. Овој учебник долги години се користел како основна литература и дополнителна литература на повеќе предмети на повеќе факултети во состав на ФОН Универзитетот (сега се користи само на ФППН) на првиот и на вториот циклус на студии. Служи и како основна и дополнителна литература и на некои од факултетите во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. Во континуитет се користи и од практичарите кои секојдневно работат на проблематиката на Евроинтегративните процеси, пред сѐ во Секретаријатот за европски прашања при Владата, Министерството за надворешни работи, Собранието, итн.

## III. ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија од увидот во целокупната документација која беше погоре изложена и која е позитивно оценета од наша страна, како и врз основа на долгогодишното лично познавање на кандидатот и неговата наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност и постигнатите резултати, цени дека кандидатот д-р Александар Чавлески ги исполнува условите и критериумите за избор на наставник во наставно-научното звање редовен професор во научната област Право на Европската унија (50811) согласно Законот за високо образование и интерните акти на АУЕ ФОН.

Посветеноста на педагошката работа и способноста за пренесување на знаењето на студентите, како и афинитетот кон наставничката професија, долгогодишното искуство на Факултетот и Универзитетот, владеењето на англискиот јазик на академско ниво, како и членството во реномирани меѓународни научни асоцијации го афирмираат кандидатот и се потврда дека и во иднина истиот успешно ќе ги извршува задачите на наставно-образовен, научно-истражувачки и педагошки план. Имајќи го предвид научниот профил на кандидатот, Рецензентската комисија цени дека истиот континуирано покажува подготвеност и способност за нови пристапи и нови полиња на истражување. Научниот опус на кандидатот покажува и доследна посветеност кон рецентните комплексни и динамични развои во научната област Право на Европската Унија.

Поради сето погоре наведено, како членови на Рецензентската комисија имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ ФОН да му го поднесеме следниов

***П Р Е Д Л О Г***

*Кандидатот д-р Александар Чавлески да го ИЗБЕРЕ ЗА НАСТАВНИК ВО* ***НАСТАВНО – НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА-50811.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА,**

**проф. д-р Билјана Пулеска Јанушевска - претседател, с.р.**

**проф. д-р Ивица Јосифовиќ – член, с.р.**

**проф. д-р Гоце Галев – член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИНТЕРЕСНИ ГРУПИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АУЕ-ФОН**

Наставно- научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Универзитетот АУЕ-ФОН во Скопје, на седница одржана на 20.01.2022 година формираше Рецензиона комисија за избор на наставник од областа Политички системи и граѓанско општество, политички партии и интересни групи, конкурс објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на ден 29.12.2021 година. Рецензионата комисија е во состав Професор емеритус Нано Ружин – претседател, Професор д-р Александра Србиновска Дончевски- член и Професор д-р Елена Тодорова- член.

Рецензионата комисија ги доби материјалите пристигнати по конкурсот, и по разгледување на истите го доставува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс во дневниот весник „Нова Македонија" на ден 29.12.2021 година, се пријавила кандидатката д-р Јасмина Трајкоска Наумоска со комплетно приложена потребна документација.

**ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТКАТА**

1. Степен на образование

Доктор во областа на политичките науки

Докторира во 2016 година на тема: "Меѓуетничките конфликти во Европската Унија денес и економските последици од нив" на Правниот факултет Јустинијан I при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" (2011-2016)

Магистерска тема : "Дипломатските методи во разрешување на меѓуетничките конфликти во Поранешната Југословенска Федерација" одбранета на  Факултетот за Европска и

меѓународна политика и дипломатија при ФОН- Универзитет- Скопје, Република Македонија (2007-2010)

Високо образование стекнато на Факултетот за Дипломатија и меѓународна политика при ФОН- Универзитет (2003-2007)

2. Практично и работно искуство
   - 2010-2016 година Асистент на Факултетот за политички науки и дипломатија при ФОН- Универзитет
   - 2016 година основач на Здружението ДИЈАЛОГ- Центар за делиберативна демократија – Прилеп
   - 2016- 2017 Генерален секретар на Македонското политиколошко друштво
   - 2016 Доцент на Факултетот за политички науки и при ФОН Универзитет

3. Наставно-образовна дејност

Кандидатката д-р Јасмина Трајкоска Наумоска како доцент извршува наставно-образовна дејност на Факултетот за правни и политички науки. Доверени предмети од прв циклус на настава кои кандидатката, повеќе од една деценија, успешно ги остварува се: Наука за политиката, Политички систем, Политички партии и интересни групи, Избори и изборни системи, Политичка партиципација, Политички систем на Македонија, Родова политика. Во втор циклус на програмата за политички науки изведува настава кој и е доверена за следните предмети: Меѓуетнички односи толеранција и дијалог и Теории на игри во меѓународните односи.

Д-р Трајкоска-Наумоска успешно менторирала дипломски трудови и била член во значаен број комисии за одбрана на дипломски, специјалистички и магистерски трудови. Целосно ги следи новите методи за изведување на настава и ги имплементира во одржувањето на часови преку иновативни методи кои вклучуваат различни материјали како дополнителни сознанија освен основната литература која е задолжителна за доверените предмети. Во своето професионално остварување д-р Трајкоска Наумоска покажува лидерски способности кои најмногу се насочени кон поттикнување на студентите за развој на критичката мисла, како и организирање на настани во рамките на Факултетот за

политички науки и дипломатија кои биле во форма на дебата за развој на делиберативната мисла во рамките на Универзитетот.

Предавањата ги организира на соодветен начин во однос на програмата и вклучува мултимедијален пристап за доближување на материјата кон студентите со различни видео материјали, материјали за креирање на дебата и колумни кои се во согласност со задолжителната литература. Како вработена на Универзитетот од 2010 година се докажала како тимски соработник, иницијатор и професионалец преку остварување на своите обврски, но и дополнително како дел од Научниот проект “Фабрика на знаење”кој се органира во рамките на Универзитетот покажа организациони, истражувачки и креативни карактеристики кои се применливи и прифатени во реалниот сектор. Кандидатката уредно ги извршуваше своите обврски како дел од Комисијата за упис на Факултетот за политички науки и Комисијата за признавање на испити.

Нејзината љубопитност и желба за знаење не ја ограничи само во рамките на формалното образование. Д-р Јасмина Трајкоска Наумоска била дел од бројни школи организирани за дополнителна едукација на академскиот кадар како што се “Leadership Academy for development”, 2017,организирано од Станфорд Универзитет и Факултетот за политички науки во Сараево, Босна и Херцеговина каде што предавач со интензивни две неделни предавања бил Франсис Фукујама,“International Summer School, The Role of NATO and Challenges in the Western Balkan”, 2017 во Шипан, Хрватска каде што беше предавач на тема Република Македонија и односите со соседите. Од 2012, во 2014 и 2017 година активно учествува во академските курсеви организирани од страна на Интеруниверзитетски центар во Дубровник, Хрватска на теми: Divided Societies XX; Challenges of Europe: The Quest of citizenship и Diversity in Europe. Во 2014 година е дел од Европскиот Форум во Алпбах, Австрија, настан кој се организира од 1945 година, на кој секоја година се поставува интердисципломарна платформа за наука, политика, бизнис и култура и се дебатира за најновите сознанија во повеќе области кои се постигнати до тогаш. Во 2014 година е учесник на академската летна програма Sarajevo 1914- 2014 Academic Summer Program War & Peace, во Сараево, организирано до Школата за диопломатија и меѓународни односи во Женева. Во 2013 за целите во истражувањето за докторатот е активен учесник на едукацијата организирана од Европскиот центар за малцински прашања во Флензбург

Германија, на тема National Minorities and Border region. Во 2012 година е учесник на Светскиот форум за демократија во Стразбург. Во 2010 година е еден од панелистите на Стратешкиот форум во Блед. Дополнителни едукации кои се дел од нејзиното искуство се: 18th CEI International summer school – Beyond Enlargement. The Wider Europe and the New neighborhood во Италија, академијата за идните лидери во Европската Унија, Future EU leaders academy What about Europe 2020? во Прага на кои учествува во 2012 година. Д-р Јасмина Трајкоска Наумоска била учесник и на Школата за јавни политики "Мајка Тереза" која е дел од мрежата на шеснаесет школи за политичко образование организирана во соработка со Советот на Европа како и дел од едукацијата за млади професионалци организирана од НАТО во Украина и Словачка во 2011 година.

Целото искуство, знаења, вештини и материјали кои ги осознаваше на овие доедукации д-р Јасмина Трајкоска Наумоска ги споделуваше со студентите на Факултетот за политички науки и дипломатија на предметите на кои и е доверена настава и со тоа внесуваше новитети кои претставуваа дополнителна мотивација за самите студенти.

Кандидатката д-р Јасмина Трајкоска Наумоска припаѓа на Катедрата за критичка политичка теорија.

Кандидатката бележи ангажман и во граѓанскиот сектор преку нејзиното учество како основач на Здружението ДИЈАЛОГ-Центар за делиберативна демократија во Прилеп работи на истражувања, анализи и развој на делиберативноста на локално и централно ниво. Остварува и активности кои опфаќаат неформални предавања за граѓанска и политичка партиципација на локално ниво со што ги едуцира граѓаните за можностите кои постојат во рамките на политичкиот систем на Република Северна Македонија за директно учество на граѓаните во донесувањето на одлуки на локално и централно ниво.

Активно учествувала и во стручното здужение Македонска политиколошко друштво, каде што од 2016 е Генерален секретар. Активно го владее англискиот јазик.

**Научно-истражувачка работа**

Кандидатката д-р Јасмина Трајкоска Наумоска работела на бројни истражувања од кои се произлезени значајни научни трудови објавени во домашни и меѓународни

списанија. Била дел од меѓународни и домашни научни конференции и работела на меѓународни и домашни истражувачки проекти.

### I Учество на меѓународни и домашни научни конференции

**3 Декември 2018** говорник на Конференција одржана на Факултетот за политички науки во Белград, на тема: Односите помеѓу Србија и Косово и безбедноста во југоисточна Европа – организирана од Центарот за применети европски студии во Белград;
**12-15 Мај**, говорник на панел дискусија на Универзитетот во Подзнан (Полска) во склоп на NEDELJA KULTURE ZEMALJA ZAPADNOG BALKAN на тема **„**Društveni i kulturni konteksti evropske integracije zemalja zapadnog Balkana";
**17-20 Јуни** говорник на Конференција за „Статусот на националните малцинства во државите настанати по распадот на СФРЈ" во Нови Сад, организирана од Центарот за регионализам во Нови Сад,
**20-23 Февруари 2020**, учесник на Меѓународна научна конференција организирана од Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија. Излагање со труд: "Мониторинг и евалуација на регулативата за употреба на јазикот како неопходност за подобрување на нејзината ефикасност и ефективност",
**26 Ноември 2020** учесник на Меѓународна научна конференција во Нови Сад, на тема "Uticaj manjinskih uprava samouprava organizacija na process donoshenja odluka na svim nivoa vlasti u Srbiji, Crnoj Gori i Makedoniji" организирана од страна на Центар за регионализам во Нови Сад и Hans Seidel Stiftung.

### II Научно-истражувачки проекти

2015, Скопје, Али Пајазити, Илбер Села, Јасмина Трајкоска, Мултикултурализмот во Република Македонија, Студија на случај Куманово, Институт за меѓународни и политички студии

2018, Проектен координатор на проект: Проценка на влијание на регулативата за употреба на јазиците, финансиран од ЕУ, а во имплементација на Институтот за демократија "Социетас Цивилис"- Скопје и Центарот за Економски Анализи

2020, Јосипа Ризанкоска и Јасмина Трајкоска Наумоска, авторки на студијата: Емиграциите на генерацијата “Независна Македонија” - ДИЈАЛОГ – Центар за делиберативна демократија Прилеп, Проект: Испразнето гнездо.

**III Објавени научноистражувачки трудови**

Во последните пет години објавени научни трудови на кои кандидатката работела се:

1. Annoying buzzers or productive bees? The role of civil society organizations in the policy making processes in North Macedonia, авторки Јасмина Трајкоска Наумоска и Јосипа Ризанкоска, објавено во KNOWLEDGE international Journal Vol. 38, објавено на 03 Мај 2020 на страна 1049-1058.

Опис на трудот: Трудот како основно прашање поставува Која е улогата на невладините организации во консултативниот процес при креирање на јавни политики во Република Северна Македонија? Дополнително ги опфаќа прашањата: Кои се капацитетите со кои располага граѓанскиот сектор во поглед на човечки и материјални капацитети за да можат ефикасно да учествуваат во процесот на проценка на влијание на регулатива кој е задолжителен при креирање на јавни политики. На кој начин граѓанските организации учествуваат во овој процес и кои се предизвиците со кои се соочуваат за пристап кон истиот? Трудот содржи дескриптивна анализа на користењето на алатката проценка на влијание на регулатива за креирање на јавни политики во Република Северна Македонија, методолошки пристап на емпириска анализа на оригинални податоци кои произлегуваат од истражување спроведено врз 50 невладини организации. Презентира емпириски резултати и нуди заклучок со конкретни препораки.

2. Explaining public support for the Law on the use of languages in Macedonia**,** авоторки Јосипа Ризанкоска и Јасмина Трајкоска, објавен во Journal of Liberty and International affairs Vol.5.No.1, Мај 2019.

Опис на трудот: Трудот има за цел да ја објасни граѓанската поддршка за донесување на Законот за употреба на јазиците во 2018 година изразена преку нивните демографски, етнички и политички карактеристи . Трудот се базира врз квантитативна метода логистичка регресија на оригинална база на податоци спроведена врз 669 испитаници. Во трудот се

споредува поддршката на македонската јавност за Законот за употреба на јазиците како генерална идеја за промоција на јазиците на немнозинските заедници во Република Македонија.

3. A Social Movement in the First Person Singular: The Colours of the "Colorful Revolution in North Macedonia", авторки Јосипа Ризанкоска и Јасмина Трајкоска**,** Southeaster Europe 43.1: BRILL, , DOI:10.1163/18763332-04301001. Објавен Февруари 2019.

Опис на трудот: Овој труд опфаќа истражување за Шарената револуција, прави комбинација на дискриптивен методи и емпириска анализа на микро ниво. Се базира на оригинални податоци кои произлегуваат од анкетирање на 567 учесници во протестот. Во трудот се елаборирани главните карактеристики на колективниот идентитет на револуцијата според перцепцијата на самите учесници.

4. Inter-ethnic relations in the European Union and the concept of European civil society, авторка Јасмина Трајкоска**,** KNOWLEDGE-International Journal, Vol 26.1ISSN 2545-4439, ISSN 1857-923X, Септември 2018.

Опис на трудот: Овој труд содржи дескриптивна анализа на превентивната дипломатија во рамките на Европската Унија. Анализа и карактеристики на меѓуетничките конфликти во Европската Унија кои се и понатаму актуелни. Опфатени се Естонија и руското малцинство, Шпанија и случаите со Каталонија и Шкотска, Хрватска со српското малцинство, Романија и Словачка со унгарското малцинство, Северен Кипар и турското население, прашањето на Корзика во Франција, односот помеѓу фламанците и валонците во Белгија. Трудот упатува на тоа колкав интензитет содржат овие конфликти и колку е возможно во иднина да се користи граѓанскиот наспроти етничкиот национализам кој е актуелен. Се ова во насока на потреба од значајни промени во Европската Унија за да може подобро да се позиционира во рамките на мултиполарниот свет.

5. 'Ethnocetrism and party politics: are political parties devoted to the project of building multicultural Macedonian society on the path to EU?'. Авторки Јасмина Трајкоска и Јосипа Ризанкоска**,** KNOWLEDGE-International Journal, Vol 22.3, ISSN 2545-4439, ISSN 1857-923X, Март 2018.

Опис на трудот: Овој труд го покренува прашањето Дали политичките партии во Македонија се имаат политичка воња и реален капацитет да одговорат на препораките од

Европската Унија кои се однесуваат на мултикултурализам и почитување на човековите и малцинските права? Дали можат да ги надминат етничките бариери за да се приблизат кон европските перспективи? Спроведеното истражување е врз база на теоријата на етничко пазарење (Jenne, 2007). Трудот во прв дел содржи анализа на извештсите од Европската Унија од 2006-2017, во вториот дел е елаборирана содржината во партиските манифести во однос на мултикултурализмот и третиот дел опфаќа анализа на пост-изборниот период и предизвиците за формирање на извршна власт како и значајната улога на албанската заедница во овој процес. На крај е елабориран заклучокот.

**6.** **“**Шарената револуција“ и движењето „За Заедничка Македонија“симбол на будењето на партиципативната граѓанска култура или показател на длабока партиска поделеност во македонското општество? Студија на случај Прилеп**”,** авторки Јосипа Ризанкоска и Јасмина Трајкоска, Политичка мисла бр.53, 2017

Опис на трудот: Во овој труд студија на случај е градот Прилеп, трудот се базира на емпириски податоци од две теренски анкети кои вклучуваат 114 испитаници од учесниците во “Шарената Револуција” и 89 испитаници од учесниците на протестот „За Заедничка Македонија”. Авторките како главно истражувачко прашање поставуваат дали овие движења може да се сметаат за предвесник на разбудената граѓанска свест во периферијата на Македонија им се’ уште се партиска алатка за добивање на власт. Се прави споредба на приоритетните барања на учесниците во двата протести и нивните стравувања од граѓаска војна, меѓуетнички конфликт, федерализација или закана за безбедноста на Р.Македонија по мигрантскиот наплив во Европа. Истакнато е дека постои длабок јаз помеѓу барањата и очекувањата

на двете движења. Авторките доста прецизно и јасно преку конкретни податоци произлезени од истражувањето аргументираат дека иако учесниците во движењата покажуваат спремност за учество во протестите што укажува на разбудена граѓанска (политичка) активност, тоа не е директен показател за разбудена партиципативна култура надвор од партиската мобилизација.

## ЗАКЛУЧОК

По детално разгледување на комплетната документација, а врз основа на изнесените податоци кои се во согласност со Законот за високо образование, со Статутот на Универзитетот АУЕ- ФОН во Скопје и со Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни , наставно стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот АУЕ – ФОН во Скопје, комисијата со задоволство констатира дека кандидатката д-р Јасмина Трајкоска Наумоска суштински ги исполнува критериумите и условите за избор на наставник во наставно- научно звање вонреден професор во областа на политички системи, граѓанско општество, политички партии и интересни групи.

Комисијата по увидот на приложената документација позитивно го оценува кариерниот развој на кандидатката д-р Јасмина Трајкоска Наумоска. Како вработена на Универзитетот АУЕ-ФОН ја има потврдено својата посветеност на научно-наставната и научно истражувачката дејност. Кандидатката секогаш посветено, совесно и комплетно ги обавувала своите обврски и конструктивно укажувала за идеи, иницијативи или планови кои можат да го збогатат едукативниот процес.

Рецензетската комисија детално разгледувајќи ја приложената документација констатира дека кандидатката обавила богата и разновидна научно истражувачка работа која се потврдува преку истакнатата содржина во овој реферат. Стручноста, компетентноста и активизмот на кандидатката се потврдува со сите досегашни нејзини учества во рамките на домашни и меѓународни конференции.

Од сите овие податоци произлегува позитивна оцена од страна на Рецензентската комисија која смета дека кандидатката д-р Јасмина Трајкоска Наумоска ги поседува сите потребни критериуми за избор во наставно научно звање вонреден професор како резултат на нејзиното долгогодишно искуство, работа на научни истражувања, трудови, проекти и учество во наставниот процес. Како рецензетска комисија имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки на Универзитетот АУЕ-ФОН да го поднесеме следниот

**П Р Е Д Л О Г**

Кандидатката д-р Јасмина Трајкоска Наумоска да ја изберат во ***НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО- НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ, ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИНТЕРЕСНИ ГРУПИ.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Професор емеритус Нано Ружин с.р**

**Професор Александра Србиновска Дончевски с.р.**

**Професор д-р Елена Тодорова с.р.**